Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 14-1042/28
25.12.2018 год
Новаци

ТРАЕН

Архивски знак: 1401
Рок на чување: ТРАЕН
28.12.2018 година

Врз основа на член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 25.12.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за усвојување на Програма за работа на јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална Хигиена„-Новаци,општина Новаци за 2019 година

### Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Програма за работа на јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална Хигиена„-Новаци,општина Новаци за 2019 година

.

### Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програма за работа на јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална Хигиена„-Новаци,општина Новаци за 2019 година, бр.01-94/4 од 14.12.2018 година( наш број 01-1046/2 од 21.12.2018 година).

### Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Новаци
e-mail: komunalnahigienanovaci@gmail.com

Врз основа на член 19 став 2 точка 2 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12 ), и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности "КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" – Новаци, Управниот одбор на ден 14.12.2018 година ја донесе следната:

01 – 34/4
14.12.18

21.12.2018
01 1046/2

# ПРОГРАМА

## За работа на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена" – Новаци, Општина Новаци за 2019 година

Декември, 2018

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.......................................................................................................................... 3

СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАД ............................................................ 4

ВОДОВОД...................................................................................................................... 7

КАНАЛИЗАЦИЈА........................................................................................................... 7

РАБОТИ И УСЛУГИ ОД НИСКОГРАДБА.................................................................. 8

УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ, ЈАВНИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ............. 8

ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ – ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ ....................................................................................................................... 9

ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА И ДАВАЧКИ НА „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“ - НОВАЦИ .......... 9

# ВОВЕД

Во текот на 2013 година во Општина Новаци Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена"- Новаци (во поматамошниот текст Ј.П.„Комунална Хигиена" - Новаци) отпочна со работата.

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена" Новаци, се основа заради вршење на дејности од комуналната област кои се од јавен интерес од локално значење, а се сметаат за незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Новаци.

Во Општина Новаци организирано собирање и транспортирање на комунален отпад се врши од 2011 година со тогашното Заедничкото Јавно Комунално Претпријатије „Пела Хигиена" с. Добрушево, Општина Могила и Општина Новаци, кое беше формирано со форумите на заедниците, а со одлуки на Совет, Општина Новаци се одвои од претпријатието како основач и се припои во поранешното Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена" - Новаци, кои беше формирано од 2002 година но беше во мирување и не ја вршеше дејноста за кое беше формирано.

Како главна дејност на Ј.П. „Комунална Хигиена" - Новаци е Собирање на безопасен отпад, но врши и други дејности предвидени со Статутот.

Општина Новаци, како основач на претпријатието, активно учествува во целокупната планирана активност за работата на претпријатието за наредната година, и секако дека во секој момент може да ни наложат да се работат други задачи и работни активности.

# Собирање, транспорт и депонирање на отпад

Ј.П. „Комунална Хигиена" Новаци собира, транспортира комунален цврст отпад во неколку населени места во Општина Новаци. Располагаме со 1 (едно) специјализирано возило за собирање на смет (МЕРЦЕДЕС АТЕГО 815) со надградба (ЕФЕ 222), кои својата дејност ја обавува на територијата на Општина Новаци.

Во 2011 година со Заедничкото Јавно Комунално Претпријатие „Пела Хигиена" во првата фаза беа набавени 600 садови за смет од 120 литри, со кои сакавме да му излезиме во пресрет на граѓаните, за поефективно собирање на сметот, како и подобар изглед на куќите односно изгледот на населеното место од кои околу 300 беа распоредени во Општина Новаци.

Исто така се набавени 18 контејнери од по 1,1 $м^3$ за комунален смет и 15 жичени контејнери за ПЕТ пластика и истите се распоредени.

Собирањето на отпадот во првата фаза се почна во населеното место Новаци, со што им беше понудено кој сака да подигни канта од претпријатието да ја исплаќа истата на рати вметната во месечната сметка за собирање на сметот почнуваќи од месец Ноември. Во втората фаза ги опфативме населените места Рибарци и Добромири, со што исто така им беше понудено канта. Во овие населени места фактурирањето на сметката за собирање и транспортирање на комунален отпад отпочна од месец Декември 2011 година.

Во 2018 година, набавени се 200 пластични канти за смет, од 120 литри и истите се распоредени во 4 населени места и тоа: Гермијан, Горно Агларци, Долно Агларци и Далбеговци. Кантите за смет се даваат по цена од 1200 денари, на 10 рати.

Со правните лица од гореспоменатите населени места се прават посебни договори во кои се регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Во 2018 година, Јавното Претрпијатие, согласно законот за Управување со отпад и законот за Комунални дејности, покрена постапка кон РЕК Битола кој се наоѓа на територијата на Општина Новаци, за вршење на услугата за Собирање, транспортирање и депонирање на неопасен отпад од страна на Јавното Претпријатие. Исто така се покрена постапка и до Ј.П. „Комунлец" - Битола за отстапување на стопанисување на депонијата Мегленци која исто така се наоѓа на територијата на Општина Новаци.

Во почетокот на 2019 година, планирано е да се набави СКИП-ровокопач и камион кипер, кои ќе се користат за чистење на дивите депонии и прокоп на канали и одржување на отворени атмосферски канали, при што би се зголемил приходот на самото претпријатие, со што би се оствариле услови за вработување на повеќе работници.

Програмата за поставување на времени објекти и урбана опрема е донесена од Советот на Општина Новаци. Според микролокациските услови издадена од Општината, имаме постевено контејнери на одредени фреквентни локации во повеќе населени места во кои делуваме.

Во изминатава година имаме депонирано 210 тури од по 8 м$^3$, а тоа би изнесувало околу 1680 м$^3$ отпад или 504 тони, според специфичната тежина на отпадот.

Покрај тоа што имаме диви депонии на секој чекор кои ја загадуваат животната средина во која живееме и не ни даваат убава слика за нашата околина, ќе настојуваме покрај редовното собирање на сметот, преку организирани акции со ангажирање на дополнителни лица по потреба, да се исчистат голем број на дивите депонии. Во соработка со инспекторот за животна средина и комуналните редари, применувајќи ги одредбите на Законот за јавна чистота, се надеваме дека нема да дојде до нивно повторно загадување. Свесни за еколошките и здравствените последици од многуте диви депонии низ Општина Новаци, ќе дадеме иницијатива до Градоначалникот со помош на Невладините организации да се изнајде решение за подигање на свеста на граѓаните.

Неделниот распоред за собирање на сметот од страна на Ј.П. „Комунална ...шена" - Новаци од домаќинствата и правните субјекти се одвиваше на ...ледниот начин:

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|
| Новаци | Рибарци<br>Гермијан | Добромири<br>Г и Д Агларци<br>Далбеговци | | |

Во текот на 2019 година во план сме на преземање на уште 4 (четири) населени места и набавување на пластични канти за смет, и истите ќе бидат распоредени и дадени на 10 еднакви рати. Поради обилноста на работите неделниот план т.е. распоред би изгледал вака:

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|
| Новаци | Рибарци<br>Гнеотино<br>Брод | Добромири<br>Г и Д Агларци<br>Далбеговци | Бач<br>Гермијан<br>Живојно | |

# Водовод

Во изминативе година некои од населените места имаа големи проблеми со водоводната мрежа. Претежно во тие населени места водоводот е локален со кој стопанисува месната заедница и наплатата не можеше да се изврши. По нивна иницијатива беше направен состанок од кој произлезе и договор за преземање на водата од страна на Ј.П. „Комунална Хигиена" - Новаци. Таква акција се изврши во населените места Бач, Брод и Живојно. Во план и преговори сме за превземање на водоводи од уште неколку населени места како што се Старавина, Градешница, Зовиќ итн... со што редовно ќе се врши контрола на водата за пиење со испитувања и редовно хлорирање, а притисокот ќе се обезбеди со пумпи, за кое домаќинствата ќе треба да плаќаат одредена цена која е утврдена од Управниот одбор по предходна согласност од советот на Општина Новаци. Покрај тоа ние ќе обезбедиме и редовно одржување на водоводната мрежа, реконструкција и санација на дел од постоечката мрежа.

Изградба на нови водоводни приклучни линии, како и проширување на постоечките мрежни линии ќе бидат направени во зависност од можностите на претпријатието и останатите субјекти кои се инволвирани во овие инвестициони активности, како и донациите кои се добредојдени и со радост би ги искористиле.

# Канализација

Канализационата мрежа во Општина Новаци уште е во изградба и се планира да почне да функционира т.е. да се приклучуваат домаќинствата од почетокот на оваа година со цена за приклучок која ќе ја изгласа и утврди советот на Општина Новаци, а со неа да стопанисува ЈП „Комунална Хигиена" - Новаци.

# Работи и услуги од нискоградба

Согласно Статутот и одлуката за формирање на Јавното претпријатие, а по барање на Општина Новаци и жителите на општината, Ј.П. „Комунална Хигиена" - Новаци, отпочна со извршување на други услуги од областа на Нискоградба, како што се: изработка на водопоила, санација на тротоари, санација на шахти и други работи. Со самата набавка на Скипот и Камионот во 2019 година јавното претпријатие покрај овие услуги – работи кои што ќе ги изврдува, ќе врши и чистење и прокоп на канали, одржување на локални патишта и сл.

# Уредување и одржување на паркови, јавни и зелени површини

Уредувањето на парковите, косењето и средувањето на зелените површини и парковите ќе се врши редовно. Собирањето на ѓубрето од парковите и јавните површини ќе се одвива секојдневно на почетокот од работното време. Исто така ќе се уредат одредени јавни простори со засадување на зелена површина и засадување на садници. Оваа комуналнна дејност ќе биде финансирана од средствата кој ќе се побараат од буџетот на Општина Новаци по основ на одржување на јавна чистота, исто така ќе се искористи и законската можност за одржување на јавна чистота за која се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува советот на Општина Новаци, во зависност од изграденоста, уредноста на јавните површини и потребата - обемот за одржувањето на јавните површини на нивното подрачје, исто така ја утврдува и Мерната единица по која би се наплаќал надоместокот. Наплатата на надоместокот за одржување на јавна чистота се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката. Редовно ќе се врши чистење, метење и миење на јавните површини, како што се местата пред јавните установи и други јавни површини од овој вид. Редовно ке се одржуваат чисти патовите со што ќе се коси тревата околу патовите и ќе се чистат од отпади и земјата до банкините, согласно програмата за одржување на јавна чистота.

ЈП „Комунална Хигиена“ - Новаци е во реализација на прекуграничен европски IPA CBC проект „SYBIOSIS“, преку кој Јавното претпријатие во почетокот на 2019 година ќе набави трактор и мулчер со кој би се олеснала работата околу одржувањето на јавната чистота, како и ќе се набави камион-цистерна за миење на улиците при што ќе се зголеми јавната чистота што ќе придонеси почиста животна средина во Општна Новаци.

# Одржување на локални патишта во зимски услови – Зимско одржување

Со самата набавка на камионот и Скипот-ровокопач и двата трактори кои ќе се опремат со специјален нож за чистење на снег, ЈП Комунална Хигиена Новаци, согласно Законот и Дејноста за кое е формирано јавното претпријатие, од страна на Советот на Општина Новаци, ќе врши одржување на локалните патишта во зимски услови на територијата на Општина Новаци – зимско одржување, согласно Програма за зимско одржување, која ќе биди одобрена од Советот на Општина Новаци.

# Извори на средства и давачки на „Комунална Хигиена“ - Новаци

Финансирањето на Ј.П. „Комунална Хигиена“ - Новаци ќе биде самостојно од остварениот приход, и од средства кој ќе се побаруваат од буџетот на Општина Новаци по основ на јавна чистота и извршена работа – услуги и зимско одржување. Моментално опслужуваме 7 села со смет и 3 села со вода, оваа година ќе бидат опфатени уште 4 населени места кои ќе ги опслужуваме со услугата собирање и транспортирање на отпад како и преземање на водоводни системи како и извршени работи кон трети лица со кој би се зголемил приходот на претпријатието.

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности “Комунална Хигиена“ - Новаци секој месец доставува сметки т.е. фактури до домаќинствата и правните субјекти. Наплатата на домаќинствата се одредува според квадратурата на куќата и дворот додека кај правните субјекти ќе се разгледа можноста дали да биде на

квадратура или пак да се направи некој посебен договор, а за вода по потрошени м³.

**Месечните извори на средства т.е. приходи на Ј.П.„Комунална Хигиена" - Новаци се следниве:**

- Снабдување со вода за пиење ....................................... 40 000 ден.
- Собирање на отпад од физички лица ........................... 160 000 ден.
- Собирање на отпад од правни лица ............................ 250 000 ден.
- Надомест за Јавна чистота ........................................... 245 000 ден.
- Надомест од извршени услуги кон трети лица .......... 250 000 ден.

ВКУПНО: **945 000 ден.**

**Месечните давачки на Ј.П.„Комунална Хигиена" - Новаци за нормално функционирање и одржување на претпријатието се следниве:**

- Плати (бруто) ............................................................... 500 000 ден.
- Гориво и одржување на возилата ................................ 100 000 ден.
- Регистрација на возилата ............................................. 15 000 ден.
- Резервни делови за возилата ....................................... 30 000 ден.
- Членарини .................................................................... 5 000 ден.
- Книговодител ............................................................... 3 000 ден.
- Судски трошоци ........................................................... 5 000 ден.
- Нотарски услуги .......................................................... 3 000 ден.
- Службени патувања ...................................................... 10 000 ден.
- Канцелариски материјал и репрезентација .................. 30 000 ден.

- Тековно оджување на опрема и објекти ........................ 60 000 ден.
- Телефон и ПТТ услуги ..................................................... 5 000 ден.
- Набавки за тековно работење ...................................... 100 000 ден.
- Потрошен материјал за работа ..................................... 20 000 ден.
- Непредвидливи трошоци ............................................... 50 000 ден.

**ВКУПНО: 936 000 ден.**

Програмата е изработена од страна на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена" - Новаци - општина Новаци за потребите на истото.

Директор

**Јовановски Борче**

Донесува:

**Ј.П. „Коминална Хигиена" - Новаци**

Усвојува:

**Совет на Општина Новаци**

Управен одбор

Претседател:

Јове Смилевски